Врз основа на член 7 став (3) од Законот за комунални дејности (Сл.весник на РМ бр.95/12) и Законот за изменувањата и дополнувањата на Законот за комунални дејности (163/13, 42/14, 44/15 и 147/15), член 19 од Законот за јавни претпријатија (Сл.весник на РМ бр.38/96-275/19), врз основа на член 28 став (3) од Законот за заштита и благосостојба на животните (Службен весник бр. 149/14, 149/15, 53/16 и 65/23), член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ"бр.5/02 и „Службен весник на РСМ"бр.202/2024) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола"бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 29.12.2025 година, донесе

П Р О Г Р А М А

за хуман третман и благосостојба на бездомните животни на подрачјето на Општина Битола за 2026 година

## 1.Вовед

Во Програмата за хуман третман на бездомни кучиња на ЈП Комуналец Битола детално го обработува моделот на менаџирање и решавање на проблемот со бездомните кучиња, преку воспоставување на систем за контрола на популација на кучиња согласно Законот за ветеринарно здравство (Сл.весник на РМ. бр. 123/15, 154/15 и 53/16), Законот за заштита и благосостојба на животните (Сл.весник на РМ бр. 149/14, 149/15, 53/16 и 65/23) и Правилникот за постапките за заловување, интервенции и третман на бездомните кучиња, начинот на спроведување на тестот за социјализација, начинот и содржината на податоците за водење на евиденција и начинот на вршење на надзор, условите за одобрување на прифатилиштата, формата и содржината на барањето за одобрување, како и формата и содржината и начинот на водење на регистарот на одобрени прифатилишта (Службен весник на РСМ, бр. 44 од 23.02.2021 година).

Во програмата за хуман третман се утврдуваат активностите кои ќе се спроведуваат на територија на Општина Битола кои се базираат врз националната законска рамка со голем осврт на активности кои претпријатието ќе ги воспостави за поттикнување на одговорно сопственишство кон домашните миленици.

Програмата е изработена врз основа на методот **„залови-стерилизирај-вакцинирај-врати"** а целта е во примената на методата да бидат вклучени сите расположливи ресурси во рамките на Општина Битола.

Поради порастот на популацијата, за најбрз загарантиран ефект се направи план за масовен хуман третман на бездомните кучиња во рамките на општината во период од 6-12 месеци. Се предвидува дека со минимум 75% стерилизирани/кастрирани единки, процентот на напредок на популацијата станува 0%, по што бројот на кучиња природно почнува да опаѓа.

Овој начин на работа ќе овозможи систем на ефективно управување како и детален увид во трошоците на работата врз основа на што ќе може да се направи и детална cost/benefit анализа на работата на прифатилиштето за следната година. Преку овој пристап ќе се овозможи подобра распределба на ресурсите и капацитетите на Општина Битола во решавањето на овој проблем со што ќе биде транспаретно прикажан начинот на финансирање на претпријатието и негова одржливост.

Принципот на контрола на уличната популација на животни во Општина Битола ќе биде преку ставање во функција на капацитетите на прифатилиштето во сопственост на Општина Битола, персоналот вработен во ЈП Комуналец, и ангажирање на ветеринарни друштва за медицинскиот третман на уличната популација на животните.

## 1. Основни цели на програмата

Главната цел на програмата е контрола над популацијата на бездомните кучиња во Општина Битола, ефикасно, одговорно, хумано, трајно надминување на проблемот со што ќе се гарантира здравствената заштита и јавната безбедност на населението и ќе се спречи создавање/прилив на нови кучиња на улица преку:

1) Спроведување на стратегијата „залови-стерилизирај-вакцинирај-врати“ на бездомните кучиња и сите кучиња кои се затекнати слободно да се движат без присуство на сопственикот на јавна површина;

2) Зголемување на јавната свест преку адаптирање на информација и едукација за различни категории на граѓани, со цел на најсодветен начин според категоријата на која припаѓаат да им се претстави состојбата и начинот на решавање на проблемот со бездомните кучиња, преку медиумска активност, и различни организирани активности насочени кон зголемување на јавната свест со цел да се спречи изворот на нови единки на улица кои потекнуваат од домашните кучиња.

Спроведувањето на оваа програма воспоставува т.е. гарантира минимална и контролирана бројка на улични кучиња на јавните места кои ја штитат локацијата од прилив на нови единки (непознати на населението, репродуктивно способни), со што се избегнуваат непријатностите и потешките последици за граѓаните и самите животни.

Образложение:

Контрола на популацијата на бездомните кучиња првенствено се постигнува со стерилизацијата/кастрацијата, вакцинацијата, идентификацијата, регистрацијата, вдомувањето или повторното враќање на животните на територијата од која што биле заловени и е метода од суштинска важност за контрола на прекумерната бројност на уличната популација на кучињата. Се

превенираат несакани легла на нови кучиња, нема непотребни трошоци за долготрајно стационирање на животните во прифатилиштата, се избегнува нехуманото усмртување кое проблемот само го продлабочува. Стерилизираните-кастрираните кучиња повеќе не се размножуваат, се разбива појавата на глутници кои се резултат на женки во циклус, се урамнотежува хормоналниот статус на животните, случаите на каснувања опаѓаат значително. Кучињата се вакцинирани, прочистени од внатрешни и надворешни паразити и здрави, и се воспоставува контрола на теренот. Обележаните кучиња се познати на населението, ушната маркичка влева доверба кај граѓаните за здраво прегледано и третирано куче и овие кучиња имаат поголеми шанси да се вдомат. Кучињата вратени на локацијата од која се заловени ја чуваат локацијата од миграција на други единки со што се превенираат болести и зарази. Трошоците се еднократни и разумни, нема непотребни трошоци за долготрајно стационирање на животните во прифатилиштата.

Со позитивни законски акти кои ќе го опфатат одговорното сопственишто и примена на системска стерилизација/кастрација, проблемот се решава ефикасно, хумано  и трајно.

„Залови, стерилизирај, вакцинирај и врати“ е востановена како единствена ефикасна стратегија и од страна на Светската здравствена организација.

Напореден сегмент битен за постигнување на правилна контрола на популацијата на бездомни животни е едукација на населението и промовирање мерки за стерилизација/кастрација на кучиња од страна на нивните сопственици во согласност со важечките законски прописи и мерки против напуштање на животни (трајно обележување чипирање и регистрација на сопствениците на кучиња, едукација на сопствениците, неселектирано казнување за неодговорните сопственици).

## 3. Опсег  на работа

ЈП Комуналец Битола во рамките на програмата за контрола на уличната популација на кучињата заедно со правните субјекти за медицински третман кои се ангажирани со договор и под негова координација, работи со бездомни кучиња на територија на Општина Битола како и со заловување на нерегистрирани и регистрирани кучиња кои ќе се затекнат на јавна површина без присуство и контрола од сопственикот. Предмет на работа на претпријатието и таргет се кучиња над 7 месечна возраст за кои се смета дека достигнале полова и физичка зрелост за целосен хуман третман на животното и имаат развиен имунолошки систем.

Во одредени случаи по проценка на ангажираниот стручниот тим од страна на ЈП Комуналец Битола, може да бидат третирани кучиња под 7 (седум) месечна возраст земајќи го во предвид фактот дека

истите немаат развиени репродуктивни органи односно не се физички спремни за целосен хуман третман, и дека оваа категорија на кучиња поради нецелосно развиен имун систем имаат поголема можност да бидат дополнително заразени со преносливи болести при контакт со заловени единки во прифатилиштето. Овие единки претставуваат и опасност за внесување на заразна болест која можеби ќе предизвика времен престанок на работа на прифатилиштето поради искоренување на определена заразна болест. Поради ова доколку има потреба ќе се врши заловување и сместување во прифатилиштето и на овие категории на кучиња а согласно состојбата на теренот и тековната работа доколку се увиди дека бројот на вакви животни е голем подготвени сме да изготвиме посебен акциски план и стратегија во рамките на нашите можности за третман и на овие категории на кучиња.

## 4. Оправданост за потребата од формирање на прифатилиште во рамки на ЈП Комуналец Битола

Проблемите кои настануваат од појавата на бездомни кучиња се однесуваат на**:**

- Јавното здравје: кучињата може да пренесуваат зоонозни заболувања (болести кои може да се пренесат од животно на човек), опасност од каснувања, напади на граѓаните со различен степен на сериозност.
- Загадување на животна средина: фекално загадување, екскрети со непријатен мирис, територијално обележување во близина или во области каде што живеат луѓе, разнесување на остатоци од храна на јавни простори, создавање бучава со лаење, завивање или од агресивни интеракции помеѓу кучињата и на кучињата кон луѓето.
- Оштетување на имот како резултат на предизвикување сообраќани несреќи или оштетување на јавни и приватни добра.
- Благосостојба на бездомните кучиња е нарушена како резултат од:

- неухранетост поради ограничена достапност на извори на храна;

- неправилна исхрана како резултат на исхрана на јавни места;

- повреди како резултат од сообраќајни несреќи;

- повреди од агресивни интеракции со други кучиња поради ограничени ресурси

- повреди како резултат на борба за територија помеѓу бездомните кучиња

- подложност на болести поради континуиран престој на јавни простории отсуство на редовна ветеринарна нега (паразитски болести, векторски болести, вирусни заболувања и зоонозни болести)

- нехумани методи за контрола на бездомната популација (труење)

- злоупотреба од страна на граѓаните.

- финансиски импликации по буџетот на Општина Битола поради исплата на оштети од претрпен страв и физичка повреда од бездомните кучиња.

Насоки од Проект реализиран од УНДП - Физибилити студија за бездомна популација на кучиња за Пелагониски трегион, каде се препорачува изградба на прифатилиште под раководство на Општина Битола како основна инсталација за решавање на проблемот со уличната популација на кучињата.

## 5. Методи на работа

1). „Залови-стерилизирај-вакцинирај-врати„ целта е методата да биде применета од страна на сите расположливи ресурси во рамките на Општина Битола, всушност оваа метода означува хуман третман на животните во кој е вклучено: заловување, ветеринарен преглед, тестирање за зоонози согласно Годишната наредба за здравствена заштита на животните донесена од Агенцијата за храна и ветеринарство (Лајшманиоза – акредитирана метода) стерилизација/кастрација, вакцинација, чипирање, обележување со ушна маркичка, третман за внатрешни и надворешни паразити, спроведување на тест за социјализација на куче, отворена можност за вдомување според пропишана законска рамка дополнително уредена со внатрешни процедури на јавното претпријатие, по што животните се враќаат на територијата од којашто биле заловени и каде што продолжуваат да живеат. При строго утврдени состојби согласно со закон може да се примени и евтаназија, при исцрпеност на сите предвидени можности за лекување, згрижување и вдомување на овие животни.

Според програмата, освен бездомни ќе се заловуваат регистрирани и нерегистрирани кучиња на јавни површини, без сопственик. Во согласност со закон, заловувањето на регистрирани (сопственички) кучиња на јавни површини и сите трошоци што ќе произлезат од ваквите дејства е на сметка на сопственикот на кучето.

Оваа метода на работа во овој момент е признаена од сите релевантни светски институции и се применува во земјите каде што има пораст на популацијата.

Како поддршка на залови-стерилизирај-вакцинирај-врати, се предвидува евидентирање на одговорни граѓани кои ќе бидат обучени од страна на ЈП Комуналец - Битола за ефективно спроведување на програмата, за третман по враќање на место на заловување.

2). Втор метод на работа е зголемување на јавната свест. Јавното претпријатие ќе делува во насока за едукации предвидени за јавноста со цел зголемување на јавната свест за бездомните животни, преку едукативни настани, надворешни активности во соработка со средното земјоделско училиште, Факултетот за ветеринарна медицина, здруженијата и донатори.

Фазно ќе се воведат СОП-ови за работење, кои ќе го дефинираат целиот процес на работа на претпријатието за да се подобри работниот процес, следливоста на постапувањето со цел да се зголеми довербата кај граѓаните за хуманиот третман на животните и поголема функционалност на претпријатието.

## 6. План за работа

Јавното претпријатие плански ќе работи со цел контрола на проблемот со бездомните кучиња во рамките на Општина Битола. Прифатилиштето ќе биде база за решавање на проблемот, Ветеринарните услуги, заловувањето и тестот за социјализација ќе ги добива на јавен тендер како услуга.

За таа цел се предвидува да се делува со сите расположливи ресурси во рамките на општината.

Поради порастот на популацијата, за најбрз загарантиран ефект ќе се направи план за масовен хуман третман на бездомните кучиња во рамките на општината во период од 6-8 месеци. Се предвидува дека со 75% стерилизирани/кастрирани единки, процентот на напредок на популацијата станува 0%, по што бројот на кучиња природно почнува да опаѓа.

Во 2025 година Општина Битола спроведе проценка на популацијата на кучињата во рамките на општината согласно Законот и подзаконските акти од областа на благосостојбата на животните како и по препораките на WOAH (World organization for Animal Health), и по методологија предложена од ICAM (International coalition of animal management) според ова броење и мапирање на кучињата се заклучи дека во Град Битола има околу 750 улични кучиња, а во рамки на целата Општина Битола околу 1100 кучиња. Процентот на веќе третирани кучиња е околу 68%. Ова значи дека врз основа на оваа програма Општина Битола ќе предвиди буџет за работа на прифатилиштето во рамките на ЈП Комунална хигиена – Битола и за хуман третман на околу 800 до 850 кучиња со цел да се задоволи таргетираниот процент на третирани кучиња, односно 75% од популацијата на бездомни кучиња да бидат третирани во рамките на 6 до 8 месеци во Општина Битола.

Прифатилиштето ќе работи по налози за работа кои произлегуваат од:

Издаден налог од страна на Општина Битола;

По  приоритетни пријави од граѓани кои биле нападнати од бездомни кучиња; и

Приоритет и таргет на стерилизација се репродуктивно способните женки. Мониторингот на состојбата се спроведува по методологија предложена од ICAM (International coalition of animal management) на полугодишен период или на квартален во зависност од расположивите на финансиски средства и човечки ресурси.

Престојот на кучињата во прифатилиштето кои ќе подлежат на хуман третман нема да биде подолг од 30 дена. Заловувањето на кучиња ќе биде во рамките на Општина Битола. Примарно ќе се таргетираат места со поголем ризик кои ќе имаат приоритет во делувањето (паркови, болници, гробишта, шеталиште, плоштади...).

- **Планирани активности**

  Активностите за хумано третирање на бездомни животни на подрачјето на општината опфаќаат:

  - заловување на животните,

  - нивен транспорт до прифатилиштето или ветеринарно друштво,

  - прием и преглед од овластен ветеринар,

  - лабораториско испитување на животните на одредени болести во согласност со Годишната наредба за здравствена заштиа на животните,
- идентификација и водење евиденција (чип и ушна маркичка) и ажурирање на Информацискиот систем на агенцијата за храна и ветеринарство ВИС,
- Спроведување на тест за социјализација на куче и понатамошни постапки со оние кучиња кои ќе бидат прогласени за опасни во согласност со Закон,
- Можност за социјализација на кучињата кои што се заловени во процесот на хуманиот третман на животните
- Посветена работа и социјализација со кучиња кои се заловени поради предизвикување на немил настан на локација.
- овариохистеректомија и орхиектомија,
- постоперативно сместување, лекување и нега,
- вакцинација и дехелментација,
- веб сервис за објавување на заловените животни и поттикнување на вдомувањето,
- повторно враќање на животните на локацијата од каде што биле заловени,
- евтаназија на многу болни и екстремно агресивни животни по околината, доколку не се вдомат, а согласно позитивните законски прописи.

## 7. Стандардни оперативни постапки

ЈП Комуналец - Битола за потребите на прифатилиштето ќе развие комплетни СОП-ови што ќе претставува темелен процес и приорит во работата на прифатилиштето. Со СОП-овите ќе се опишат задачите кои ќе треба да се спроведат со цел програмата за контрола на бездомните кучиња ефикасно да функционира. Ваквиот пристап ќе ја олесни понатамошната работа, мониторинг на успешноста, контрола на постапките како и ажурирање и приспособување на новонастанатите состојби.

## 8. Евалуација и мониторинг на популацијата на бездомни кучиња

Општина Битола спроведе евалуација и мониторинг на бројот на бездомните кучиња каде се заклучи дека на ниво на општинаво пред да почне со работа прифатилиштето имало 1100 улични кучиња, денес има 84, а во рамките на градот имало околу 750 кучиња а сега има 570, од кои 30.95% биле веќе третирани пред да започне со работа прифатилиштето а по второт мониторинг изведен во Мај 2025 година процентот е зголемен на 65,71% кое е многу блиску до посакуваниот процент на стерилизирани кучиња од 75%, со овој мониторинг се вооочи и состојбата на застапеност според пол, и се мереа и индикатори за благосостојбата на кучињата на улица.

Бројката на кучиња на должен километар од 2.22 кучиња ја намаливме на 1.7 кучиња што претставува висока популација на кучиња на должен километар.

Должината на патеката која е помината во Општина Битола е 22 км на која дестинација се детектирани 36 кучиња.

Од сите кучиња 9 се машки некастрирани, 3 се женски нестерилизирани, 11 се машки кастрирани, 12 се женски стерилизирани и 1 е младо кутре.

Генерално сите кучиња биле визуално во добра здравствена состојба.

Според спроведениот мониторинг се гледа дека за 2025 година доколку имаме цел да се таргетира третман на минимум од 75% од нетретираната популација на кучиња во рамките на 6 до 8 месеци се добива податокот дека треба да се целиме кон третман на 250 до 300 кучиња а за следниот циклус од 6 до 8 месеци треба да се таргетира 75% од преостанатата улична популација на кучиња. Да напоменеме дека во текот на првиот период е за очекување да се зголемува уличната популација на кучињата за определен процент поради природниот пораст односно репродуктивната способност на кучињата. Затоа треба да предвидиме дека  за следниот период од 6 до 8 месеци ни останале околу 150 кучиња за третман со што за 2025 година вкупно треба да таргетираме околу 450 единки.

Мониторингот на периодично ниво во текот на 2025 година ќе ги содржи следните елементи:

- Број на кучиња на улица
- Број на вратени бездомни кучиња во одреден регион од општината
- Карактеристиката на таа популација на кучиња ( раса, пол старост, година на третман, физички и здравствени карактеристики)
- Извори на храна, места на сместување - живеалишта

## 9. Заловување и транспорт

Процесот на заловување на бездомните кучиња претставува првата постапка која е директно изложена на судот на јавноста. Квалитетот на заловувањето, однесувањето на одговорните лица кон јавноста и особено кон заловените животни може да даде позитивна слика за целата активност, но од друга страна, некоректно сработено, може да ги траумира животните, да ги изложи на физичка и психолошка болка, а последователно и да предизвика многу несакани реакции од лицата во непосредната околина кои се грижат за кучињата и случајните минувачи. Заради тоа персоналот кој ќе биде ангажиран од општината ќе биде мониториран од страна на вработени во ЈП Комуналец, во овој процес на контрола и пријава ќе ја мотивираме соработката со невладиниот сектор.

Заловувачите кои се ангажирани имаат соодветни средства за лична заштита, како и опрема: соодветно возило, јамки и мрежи за заловување, дувалки, корпи, кафези за транспорт, околувратници и водилки, соодветни средства и опрема за евиденција и идентификација на заловените животни.

Организацијата и изведувањето на заловувањето ќе биде организирано од страна на персоналот вработен во прифатилиштето во соработка со фирмите кои се ангажирани за ветеринарни услуги и заловување. Приоритет за заловување ќе биде ставен на женските единки и пријавите за кучиња кои пројавиле агресија.

За време на заловувањето може да има присуство на членови на здруженија за заштита на животните, граѓански активисти кои имаат соодветна подготовка, го познаваат теренот и ја познаваат проблематиката и кучињата. Секој граѓанин со најава и координација со персоналот на прифатилиштето може да пријави и да донесе улично куче во прифатилиштето со цел да помине хуман третман.

Транспортот од местото на заловување до прифатилиштето се врши со соодветни возила опремени со соодветна опрема за сместување на животните.

Униформите и возилото на ЈП Комуналец се видно обележени со назнаките на јавното претпријатие.

**10. Прифатилиште и медицински третман**

Секое заловено животно се носи во карантинскиот дел од прифатилиштето, по што се подложува на клинички преглед, тестирање за болести (земање крв за испитување на Лајшманиоза), хируршки зафат – стерилизација/кастрација, вакцинација, прочистување од внатрешни и надворешни паразити од страна на ветеринарно друштво/а кое е ангажирано на јавна набавка за ветеринарно медицински третман, и потоа се прави трансфер во делот за вдомување. Секое животно се евидентира/регистрира во дата-база на податоци-ВИС АХВ, како и обележува (со ушна маркица по боја предвидена во Годишната наредба за здравствена заштита на животните и микрочип) на начин кој нема да му причинува никаква болка или траума. Севкупниот наведен третман (стерилизација/кастрација; дехелминтизација; вакцинација; обележување со ушна маркица или микрочип, тест за социјализација) за секое животно е на товар на буџетот на Општина Битола.

ЈП Комуналец – Битола, води евиденција во електронска и пишана форма за сите кучиња кои се третирани во прифатилиштето, и води регистар на пријави кои се доставени во правилна форма од страна на граѓаните.

**11. Стерилизација и кастрација (овариохистеректомија и орхиектомија)**

Стерилизација/кастрација е најефикасната мерка која спречува неконтролирано размножување, намалување на бројот на напуштени кучиња на јавни површини и регулација на бројката на популацијата. Исто така, воспоставува контрола врз репродукцијата кучињата со сопственици доколку се стимулира стерилизацијата кај сопственичките кучиња. Стерилизацијата на женските и кастрацијата на машките заловени несопственички животни се врши по детален клинички преглед. Сите животни кои по мислење на ветеринарот, ги исполнуваат критериумите за операција се подложуваат на кастрација или стерилизација.

По завршената операција, оперираните животни се сместуваат во постоперативниот дел каде што престојуваат до зараснување на оперативната рана. Во постоперативниот период животните се сместуваат во наменските боксови во прифатилиштето, се врши редовно хранење и се под постојан ветеринарен надзор. Боксовите во прифатилиштето редовно се чистат, се врши дезинфекција и дезинсекција, а на 6 месеци се врши задолжителна соодветна дератизација на целиот простор на прифатилиштето.

Животните обележани со ушна маркица кои не се вдомиле и за кои нема интерес да бидат вдомени најкасно за 30 дена од заловувањето се враќаат на истата локација каде што претходно биле заловени.

**12. Посвојување и вдомување**

Посвојување и вдомување е најхуман начин за згрижување на напуштените кучиња. Сите животни кои се вдомуваат мора да бидат вакцинирани, и стерилизирани/кастрирани и да имаат микрочип.

Со цел да се олесни и промовира вдомувањето на бездомните животни ЈП Комуналец ќе соработува со здруженијата за заштита на животни, активистите како и заинтересираните граѓани, и ќе ангажира лице кое ќе дејствува во оваа насока.

Сите животни кои поминуваат хуман третман во прифатилиштето се фотографираат и се објавуваат на интернет страницата на ЈП Комуналец или сопствени профили на социјални мрежи, сè со цел да биде олеснет и поттикнат процесот на вдомување на кучињата од прифатилиштето.

ЈП Комуналец ќе се посвети да воспостави контакт со странски здруженија и организации за бездомни кучиња, со цел да овозможи намалување на бројот на вратени бездомни животни назад на улица, преку нивно вдомување во и надвор од државата.

За секое вдомено куче ќе се изготвува договор за вдомување од кој произлегуваат правата и обврските на одгледувачот кон вдомениот миленик.

**13. Евтаназија**

Евтаназија може да се спроведе само и исклучиво како хумана евтаназија на болни животни, кои се смртно болни или повредени - во терминален стадиум на болест или повреда, кога состојбата е неизлечлива, и кога е невозможно да се елиминира болка. Во тој контекст, а во рамки на оваа Програма евтаназијата ќе се примени само како последна опција во случаи кога не постои друг начин на едно животно да му се помогне или кога нема никој заинтересиран да го превземе понатамошното лекување на многу болно животно, како и во случаи кога станува збор за агресивно животно кое на тестот за социјализација е прогласено за опасно куче и во рок од 30 дена никој не пројавил интерес за негово вдомување, или куче заловено по пријава за каснување кое без причина нападнало човек и му нанело телесни повреди за кое во законски предвидениот рок исто така нема да се пријави вдомувач.

Одлуката за извршување евтаназија може да ја донесе само доктор по ветеринарна медицина со асистенција од ветеринарен техничар во согласност со горенаведеното со детално образложена аргументација на ваквиот чекор, во писмена форма.

Евтаназијата на кучињата се врши во согласност со Законот за заштита и благосостојба на животните (Сл. Весник бр. 149/14, 149/15, 53/16) и на начин и критериуми пропишани во Правилникот за постапките за заловување, интервенции и третман на бездомните кучиња, начинот на спроведување на тестот за социјализација, начинот и содржината на податоците за водење на евиденција и начинот на вршење на надзор, условите за одобрување на прифатилиштата, формата и содржината на барањето за одобрување, како и формата и содржината и начинот на водење на регистарот на одобрени прифатилишта (Службен весник бр. 44 од 23.02.2021 година).

**14. Вклучување на граѓаните во Програмата за решавање на проблемот со бездомните животни**

ЈП Комуналец разви програма за соработка со лицата кои се грижат за бездомните кучиња на улица, стимулира соработка и насочување на активностите на граѓаните за пријава на бездомните животни, нивна ревакцинација, пријава на опасни кучиња, појава на прилив на кучиња, следење на статусот на животните и др.

Со својот волонтерски ангажман и пружени информации овиле лица помагаат во спроведувањето на програмата и поквалитетно вршење на работите од страна на ЈП Комуналец на територијата на градот.

**15. Финансирање**

Според оваа програма, средствата за работа на претпријатието се обезбедуваат од:

- Буџетот на Општина Битола;
- Приходи кои ги остварува претпријатието;
- Донации;
- Кредитни средства и други извори на средства во согласност со Закон, одлуки на Советот на Општина Битола и други акти на основачот.

Планираното буџетирање за 2026 година е околу 10 000 000 денари за работа на прифатилиштето имплементација на програми за зголемување на јавната свест на граѓаните и за хуман третман на кучиња за околу 450 единки на годишно ниво.

**16. Волонтирање**

Прифатилиштето ќе биде отворено за волонтери кои може да помагаат повремено со различни активности според потребата и планот за работа.

Активностите кои волонтерите ќе можат да ги изведуваат се напојување и хранење на животните, бањање, стрижење и чешлање на животните, социјализација и шетање, фотографирање на животните за вдомување, учество во тимовите за заловување и нивна асистенција, учество во активности за зголемување на јавната свест, помош во административното работење, евалуација и вклученост на процесот на вдомување на кучињата.

Во зависност од можноста и стручноста на волонтерите, ќе им биде обезбедена едукација за нивно правилно работење во рамките на прифатилиштето, како и делегирање на права и обврски при вршење на нивната волонтерска работа.

Волонтери може да бидат поединци, членови на здруженија за заштита на животните, членови на различни граѓански асоцијации, студенти и ученици по одобрение или присуство на родител. При апликација волонтерите ќе треба да пополнат документ за волонтерство, по што ќе добијат картичка за идентификација.

Во едукативниот процес кон јавноста активистите, здруженијата и волонтерите ќе пробаме да воспоставиме соработка и со Средното земјоделско училиште, Факултетот за ветеринарна медицина Битола и локални експерти.

**17. Вдомување на бездомни кучиња**

Според програмата за работа на ЈП Комуналец по стерилизација/кастрација на животното, тоа останува во прифатилиште уште 3 до 10 дена или максимум 30 дена, во кој период активно ќе му се бара дом.

ЈП Комуналец задолжително ќе соработува заедно со други релевантни институции, здруженијата за заштита на животните, активистите и граѓаните, што ќе ја олесни процедурата да се најде дом за кучињата кои го поминале третманот „залови-стерилизирај-вакцинирај-врати“. Преку вдомувањето ќе се подобри перцепцијата на јавноста за бездомните животни и за претпријатието.

ЈП Комуналец ќе овозможи секое куче да има еднаква шанса за вдомување, и ќе ги исцрпи сите можности за пронаоѓање на дом за кучето пред истото да се врати на локација. Граѓаните ќе може да видат фотографии од животните кои ќе бидат објавени за вдомување,

како и да се информираат за сите активности и работењето на прифатилиштето преку веб страна, воедно ќе бидат објавувани и фотографии од животните за вдомување на социјалните медиуми како Фејсбук, Инстаграм и др.

Секој граѓанин кој ќе сака да вдоми куче најпрво ќе мора да пополни прашалник за вдомување, со внесување на своите лични податоци, потоа ќе се изврши разговор со одговорно лице вработено или ангажирано во прифатилиштето за да се процени дали вдомувачот е соодветен и би бил одговорен сопственик.

По разговорот и пополнетиот прашалник, доколку вдомувачот е соодветен, ќе оствари контакт односно ќе го посети во прифатилиштето и ќе помине време со животното кое сака да го вдоми минимум два пати пред да му биде дадено за вдомување. Доколку вдомувачот е подобен, истиот ќе потпише договор за вдомување со кој се уредува преносот на сопственоста, односно заведување на микрочипот во Информативниот систем на Агенцијата за храна и ветеринартво, на име на вдомувачот. ЈП Комуналцец води внатрешна електронска евиденција за третираните кучиња за секој чекор од заловувањето до враќањето на локација, евиденција за пријавите од граѓани и евиденција за тертираните животни по ставките од тендерот за секое ветеринарно друштво кое е под договор посебно, врз основа на што ќе се врши исплата за добиената услуга за ветеринарно медицинскиот третман кон ветеринарните друштва.

Во прифатилиштето специјален дел (дог парк) е наменет за оваа практика каде потенцијалните вдомувачи и кучињата ќе можат да воспоставаат интеракции. Просторот е опремен со реквизити за игра и дружење со кучињата.

Назначени вработени од прифатилиштето и определени ангажирани лица имаат обврска да го посетат или преку видео врска да го контактираат вдомувачот со цел да се утврди дали го чува животното соодветно, според договорот и во согласност со Законот за заштита и благосостојба на животните.

Секое вдомено куче и неговата среќна приказна ќе се објавува на веб страницата на ЈП Комуналец и/или профили на прифатилиштето на социјалните мрежи, а со цел поттикнување на граѓаните да вдомуваат од прифатилиштето, со што би се намалил бројот на бездомни животни на улица.

Во прифатилиштето ќе се води евиденција за лица кои извршиле вдомување на бездомни животни.

**18. Центар за повици од граѓаните**

Ќе претставува оперативен центар за граѓаните кои ќе пријавуваат изгубени животни, или пак ќе може да се пријават доколку се нападнати од бездомни животни . При секој поединечен повик или посета на прифатилиштето за да се пријави изгубено животно, или да се вдоми бездомно куче вработените во канцеларијата ќе пополнат формулар и ќе соберат што е можно подетални информации. Пополнетите формулари треба да бидат заведени во регистарот. Овој регистар ќе се проверува секогаш кога ќе се донесе бездомно куче во прифатилиштето и веднаш ќе се извести сопственикот во случај на соодветна идентификација.

Вработените во прифатилиштето ќе го информираат сопственикот за постапката која ќе се спроведе за да му се врати кучето (дадени подетално во посебен СОП) и ќе ги наведе на оригиналниот приемен картон името, адресата и телефонскиот број на потенцијалниот сопственик заедно со датумот кога е направена комуникацијата/пријавата. Одговорното лице за прием на повици ќе ги едуцира граѓаните кога пријавуваат изгубени кучиња или бездомни кучиња за одговорноста која граѓаните ја имаат за одговорно сопственишто, вклучително и опасностите од оставањето на животните надвор без надзор. Со оваа активност ќе се обрне внимание на важноста од идентификацијата на бездомните животни, познавањето на нивните навики, нивното место на движење итн.

**19. Едукација и информирање**

Една од активностите предвидени во оваа Програма е едукација и информирање на јавноста. Образованието е едно од долгорочните позитивни решенија за контрола на бездомните животни, па затоа од фундаментално значење е промовирање на едукативни кампањи насочени кон промовирање на непречена и конструктивна коегзистенција меѓу луѓето и животните. За да се постигнат споменатите резултати, потребно е во овие кампањи покрај сопствениците на животни, да се вклучат сите граѓани (возрасни, млади и деца) со вклучување на сите релевантни чинители (училиштата, установи, организации, медиуми...), како и луѓето кои работат со животни. Главните аспекти се однесуваат на следново:

- Да се воведе концептот на одговорно сопственишство, важноста од стерилизација/кастрација, вакцинација, идентификација и регистрација за контрола на популацијата на бездомни кучиња;

• Да се поттикнат сопствениците да ги стерилизираат/кастрираат, вакцинираат, да ги идентификуваат и да ги регистрираат своите миленици;

• Да се поттикнат и да се промовираат најдобрите практики за решавање на проблемот вклучително и примери од други земји;

• Да се промовира одговорна грижа за маалските бездомни кучиња;

• Да се едуцираат граѓаните и да се промовира почитувањето на биолошките, психолошките и етолошките потреби на милениците;

• Да се поттикнат волонтерството во прифатилиштата за кучиња и одговорното вдомување;

• Да се обесхрабри купувањето на домашни миленици;

• Да се поттикнат луѓето да пријавуваат малтретирање, злоупотреба и убиство на животни до соодветните органи;

• Да се едуцираат луѓето кои работат со животни.

## 3. Мониторинг на улична популација на кучиња и досегашни реултати

Мониторинг на состојбата на уличната популација на кучињата во Општина Битола

| | | | | Dog Type | | | | | | | Body condition score | | | | | | Skin condition | | | Sign of ownership | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Timestap | On Route | Sighting Count | Track Length | Male | Female | Sterilised male | Sterilised female | Lactating | Puppy | Adult | BCS 1 | BCS 2 | BCS 3 | BCS 4 | BCS 5 | Unknown | Skin | Skin | Unknown | Collar | No collar | Unknown |
| 04 August 2023 06:04 | 38 | 50 | 22 км | 16 | 12 | 6 | 7 | 1 | 6 | 2 | 0 | 0 | 44 | 0 | 0 | 0 | 0 | 44 | 0 | 4 | 46 | 0 |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 10 May 25, 06:12 | 25 | 36 | 21 км | 9 | 3 | 11 | 12 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 29 | 5 | 1 | 0 | 1 | 34 | 0 | 1 | 35 | 0 |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

Анализа на состојбата на уличната популација на кучињата во општина Битола

| Анализа | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Кучиња по км** | **% стерилизирани** | **Км улици во општина Битола** | **Вкупно кучиња** | **Површина** |
| 2.22 | 30.95% | 495 | 1097.401853 | Цела општина Битола |
| 2.22 | 30.95% | 335 | 742.6861028 | Град Битола |
| 1.7 | 65.71% | 495 | 841.5 | Цела општина Битола |
| 1.7 | 65.71% | 335 | 569.50 | Град Битола |

Од спроведениот мониторинг се гледа дека состојбата со уличната популација на кучињата во Општина Битола значајно се подобрува и дека избраниот модел за хуман третман на уличната популација дава позитивен резултат.

Програмата влегува во сила *со денот на донесувањето а ќе се објави* во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр 09-137/34
29.12.2025 год.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Битола
Бојан Бојкоски